# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Вторник, 1 октомври 1968
Скопје
Број 32 Год. XXIV

Претплатата за 1968 год. изнесува 55 (5.500) дин. Овој број чини 1,60 (160) дин. Жиро сметка бр. 401-1-16

**252.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ПРЕВОЗОТ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за организацијата на превозот во патниот сообраќај,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Стопанскиот собор одржана на 23 септември 1968 година и на седницата на Републичкиот собор одржана на 24 септември 1968 година.

У. бр. 44
25 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ПРЕВОЗОТ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за организацијата на превозот во патниот сообраќај („Службен весник на СРМ" бр. 13/66) по член 61 се додава нов член 61-а кој гласи:

„Роковите утврдени со новелираниот член 47 став 1 и 2 од Основниот закон за организацијата на превозот со моторни возила во друмскиот сообраќај („Службен лист на СФРЈ" број 27/65 и 30/68), се продолжуваат до 1 јануари 1969 година".

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**253.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА НЕСТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ ШТО СЕ ОД ОПШТ ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ВО ПЕРИОДОТ 1967—1970 ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за санирање и изградба на нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката во периодот 1967—1970 година на подрачјето на град Скопје,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Стопанскиот собор одржана на 23 септември 1968 година и на седницата на Републичкиот собор одржана на 24 септември 1968 година.

У. бр. 46
25 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА НЕСТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ ШТО СЕ ОД ОПШТ ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ВО ПЕРИОДОТ 1967—1970 ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ

Член 1

Во Законот за санирање и изградба на нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката во периодот 1967—1970 година на подрачјето на град Скопје („Службен весник на СРМ", бр. 20/1967) во членот 1 се вршат следните дополнувања:

1. Во алинеја четврта по износот „8.100.000 д." се додава „— за опрема на факултетите и изградба на спортски терени 10.000.000 дин."

2. Во алинеја седма износот „8.750.000 дин." се заменува со „9.550.000 дин."

3. Во алинеја единаесетта износот „1.990.000 д." се заменува со „2.980.000 дин."

4. Во алинеја дванаесетта износот „1.670.000 дин." се заменува со „2.510.000 дин.".

5. Во алинеја четиринаесетта по износот „1.086.500 д". се додава „— за опрема 500.000 дин."

6. Во алинеја петнаесетта износот „600.000 дин." се заменува со „1.300.000 дин."

7. По алинеја дваесет и шеста се додаваат следните нови алинеи кои гласат:

„— Извршен совет:
за изградба на зграда за републичките органи на управата 7.000.000 д.
за опрема на републичките органи на управата 2.000.000 д.
— Радиотелевизија Скопје:
за инвестиции на радиото 8.170.000 д.
— Републички секретаријат за внатрешни работи:
за опрема 12.000.000 д.
— Републички секретаријат за народна одбрана:
за градежи и опрема 6.000.000. д.
— Републички хидрометеоролошки завод:
за опрема 3.000.000 д.

8. Во последната алинеја износот „6.419.546 д." се заменува со „17.849.546 д."

Член 2

Во членот 2 износот од „165.354.978 д." се заменува со „228.784.978 д."

Член 3

Во членот 3 по зборот „закон“ точката се брише и се додаваат зборовите „и на средствата од каматите на тие средства“.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

254.

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАГРАДАТА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ — ЈАСМИН“

Се прогласува Законот за наградата „Мито Хаџи Василев — Јасмин“,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Просветно-културниот собор одржана на 23 септември 1968 година и на седницата на Републичкиот собор одржана на 24 септември 1968 година.

У. бр. 45
25 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА НАГРАДАТА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ — ЈАСМИН“

Член 1

Во знак на сеќавање на починатиот претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија Мито Хаџи Василев — Јасмин, со цел да се стимулира публицистичката и журналистичката дејност и да се оддаде највисоко општествено признание на таквата дејност, во Социјалистичка Република Македонија се установува наградата „Мито Хаџи Василев — Јасмин“ (наградата).

Член 2

Наградата се доделува на поединци за најдобри трудови од областа на публицистиката и журналистичката дејност, од значење за Социјалистичка Република Македонија, објавени во текот на една година.

Член 3

Средства за наградата обезбедува Републиката.

Средства за наградата можат да даваат и работни и други организации и граѓани, во вид на подароци или завештанија.

Средствата за наградата се водат на посебна сметка кај банката и можат да се користат и по истекот на буџетската година.

Член 4

Наградата се доделува секоја година.

Во една година се доделуваат две награди.

Името на добитникот на наградата се објавува на 1 август — годишнината од смртта на Мито Хаџи Василев — Јасмин.

На добитникот на наградата му се дава диплома.

Член 5

Наградата ја доделува одбор за доделување на наградата (одбор).

Одборот го сочинуваат претседател и 10 членови.

Претседателот и членовите на одборот ги именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија од редот на публицистите и журналистите, културните и општествените работници.

Мандатот на претседателот и членовите на одборот трае две години.

Член 6

Одборот може да формира комисии за одделни видови публицистичка и журналистичка дејност за давање мислење за доделување на наградата.

Член 7

Иницијатива за доделување награда можат да дадат работни и општествени организации, стручни здруженија и граѓани.

Член 8

Одборот донесува правилник за работа со кој поблиску се определуваат особено: условите и постапката за доделување на наградата, работата на одборот, составот и работата на комисиите, висината на наградата, начинот на предавањето на наградата, обликот и содржината на дипломата, како и други прашања во врска со доделувањето на наградата.

Правилникот го потврдува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 9

Административните работи на одборот ги врши Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

255.

Во знак на посебно признание и благодарност за вонредниот придонес и самопрегорната работа во вршењето на функцијата претседател на Собранието на СРМ и за трајно одбележување споменот на покојниот МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ — ЈАСМИН, — Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на Комеморативната седница одржана на 23 септември 1968 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ТРАЈНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ СПОМЕНОТ НА ПОЧИНАТИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ — ЈАСМИН

I. За да се одбележи трајно споменот на починатиот претседател на Собранието на СРМ Мито Хаџи Василев — Јасмин, во зградата на Собранието ќе се постави негова биста.

II. Се овластува Претседателството на Собранието на СРМ да го обезбеди извршувањето на оваа одлука.

Оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 76
23 септември 1968 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Златко Биљановски,** с. р.

**256.**

Врз основа на член 123 став 1 точка 15 и член 151 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори одржана на 23 септември 1968 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Никола Минчев, пратеник во Републичкиот собор.

Оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 75
23 септември 1968 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Златко Билјановски,** с. р.

**257.**

Врз основа на член 139 точка 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 142 од Деловникот на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 23 септември 1968 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се избира Извршен совет во состав:

а) За претседател: д-р Ксенте Богоев

б) За членови:

1. Ангел Арсов;
2. Славка Георгиева;
3. д-р Иван Катарџиев;
4. Жута Беќир;
5. Младен Павловски;
6. Ќамуран Тахир;
7. д-р Никола Узунов;
8. Стојан Ќосев.

2. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 77
24 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**258.**

Врз основа на член 167 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 99 став 3 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори одржана на 23 септември 1968 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ОДБОР ЗА ПРОСЛАВА НА 25-ГОДИШНИНАТА ОД ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ

I

Се образува Одбор за прослава на 25-годишнината од Првото заседание на АСНОМ (Одбор), со задача да изврши подготовки и да ја организира прославата на 25-годишнината од Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија.

II

Одборот се состои од претседател и 44 членови, што се избираат од редот на пратениците, општествено-политичките, научните, културните и други јавни работници.

III

Во Одборот се избираат:

а) За претседател Никола Минчев, претседател на Собранието на СРМ.

б) За членови:

1) Андреевски д-р Александар, декан на Медицинскиот факултет;
2. Арсов Љупчо, член на Советот на Федерацијата;
3. Ацева Вера, сојузен пратеник;
4. Богоев д-р Ксенте, претседател на Извршниот совет;
5. Беличанец Тито, претседател на Универзитетскиот одбор на Сојузот на студентите — Скопје;
6. Буклевски Томе, сојузен пратеник;
7. Будимовски Драгољуб, главен и одговорен уредник на „Нова Македонија";
8. Божиновски Драгиша, претседател на Управниот одбор на Работничкиот совет при Фабриката за рабни цевки „11 Октомври" Куманово;
9. Влахов инж. Густав, потпретседател на Сојузната скупштина;
10. Величковски инж. Александар, декан на Електромашинскиот факултет;
11. Гигов Страхил, член на Советот на Федерацијата;
12. Глигоров Киро, потпретседател на Сојузниот извршен совет;
13. Давков Павле, претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија;
14. Доновски Мире, секретар на Собранието на СРМ;
15. Ѓоргов Каменчо, претседател на ЦК СММ;
16. Зулфиќари Азем, претседател на Републичката конференција на ССРНМ;
17. Колишевски Лазар, член на Советот на Федерацијата;
18. Катарџиев д-р Иван, член на Извршниот совет;
19. Кочовска Фана, претседател на Комисијата за општествен надзор на Собранието на СРМ;
20. Коробар Перо, претседател на Уставниот суд на Македонија;
21. Конески Блаже, претседател на МАНУ;
22. Кировски д-р Панче, декан на Економскиот факултет;
23. Малинска Веселинка, сојузен пратеник;
24. Матевски Матеја, директор на Радио — телевизија Скопје;
25. Мартиновски Никола, академски сликар, член на МАНУ;

26. Мире Димче, директор на Архивот на Македонија;
27. Муча Ќерима, општествено-политички работник;
28. Назим Фируз, сојузен пратеник;
29. Поповски Елисие, претседател на Сојузот на здруженијата на боречките организации на Македонија;
30. Попов Благој, претседател на Градското собрание на Скопје;
31. Попов д-р Благоја, ректор на Универзитетот во Скопје;
32. Пенушлиски д-р Кирил, декан на филозофскиот факултет;
33. Прличко Петре, драмски уметник и пратеник во Просветно-културниот собор;
34. Рамадани Хицет, потпретседател на Собранието на СРМ;
35. Станковски Бошко, секретар на ЦК СКМ;
36. Ставрев Љубомир, претседател на Градската конференција на СКМ — Скопје;
37. Темелковски Борко, член на Советот на Федерацијата;
38. Тозија Драги, претседател на Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ;
39. Каја Фахри, главен уредник на „Бирлик";
40. Узунов д-р Никола, член на Извршниот совет;
41. Христов Страшо, генерален директор на Рудници и железарница „Скопје" — Скопје;
42. Црвенковски Крсте, претседател на ЦК СКМ;
43. Чаловска Лилјана, публицист;
44. Шопов Ацо, писател и член на МАНУ.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 74
23 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**259.**

Врз основа на член 45 став 2 во врска со член 44 став 1 од Законот за воените војни инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/65, 23/67 и 54/67),

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Социјално-здравствениот собор одржана на 23 септември 1968 година и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 24 септември 1968 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ИНВАЛИДСКИОТ ДОДАТОК СО ДВИЖЕЊЕТО НА ПРОСЕЧНИТЕ ТРОШОЦИ ВО ЖИВОТОТ

I

Инвалидскиот додаток се усогласува со движењето на трошоците на животот во Републиката така да истиот се зголемува за 6,6% од 1 јануари 1968 година.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 83
25 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**260.**

Врз основа на член 4 од Законот за начинот на користењето на средствата со кои општествената заедница учествува во обновата и изградбата на Скопје,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 23 септември 1968 година и на седницата на Републичкиот собор одржана на 24 септември 1968 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ ЗА ОБНОВА И ИЗГРАДБА НА СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1963 ДО 1970 ГОДИНА

I

Се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Програмата за употреба на средствата на Фондот за обнова и изградба на Скопје во периодот од 1963 до 1970 година.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија."

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 84
25 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**261.**

Врз основа на точка 2 од Одлуката за образување Комисија за уставни прашања, по предлог од Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 24 септември 1968 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА УСТАВНИ ПРАШАЊА

I. Точката 1 од Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за уставни прашања („Службен весник на СРМ", бр. 12/68) се менува и гласи: „За претседател на Комисијата за уставни прашања се избира Никола Минчев, претседател на Собранието на СРМ".

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 78
25 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**262.**

Врз основа на член 139 точка 7 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 19 од Законот за судовите од општа надлежност („Службен весник на СРМ“ бр. 42/65), по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор, одржана на 24 септември 1968 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА ВО ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ

I. За судија во Окружниот суд во Скопје се избира Олга Наумова, стручен соработник во Уставниот суд на Македонија.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 80
25 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**263.**

Врз основа на член 78 став 4 од Основниот закон за избор на работнички совети и други органи на управувањето на работните организации,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 24 септември 1968 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СОСТАВ НА КОНКУРСНИ КОМИСИИ НА СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I.

Во Одлуката за определување состав на конкурсни комисии на стопански организации во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 5/67), точка I се дополнува со реден број 19 кој гласи:

„19 „Интекст“ Здружено стопанско претпријатие на памучната индустрија во Скопје“.

II.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 79
25 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**264.**

Врз основа на член 22 точка 4 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 24 септември 1968 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УВАЖУВАЊЕ НА ОСТАВКА НА ПРАТЕНИЧКИ МАНДАТ НА ЧЛЕН НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се уважува оставката на пратеничкиот мандат што ја поднесе членот на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија Душан Поповски, избран во изборната единица Демир Хисар.

2. Се утврдува дека на Душан Поповски со уважувањето на оставката му престанува пратеничкиот мандат во Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 82
25 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**265.**

Врз основа на член 22 точка 6 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 24 септември 1968 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОКОТ НА ПРАТЕНИЧКИ МАНДАТ

I

Се утврдува дека на пратеникот Мито Хаџи-Василев, избран во Изборната единица „Идадија V“ му престанал мандатот поради смрт.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 81
25 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**266.**

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Организационо-политичкиот собор, одржана на 23 септември 1968 година, разгледувајќи го материјалот Некои општествени и правни појави и проблеми во врска со споровите од работни односи, заедно со Информацијата за согледаните појави и проблеми во преставките и поплаките во врска со примањето и отпуштањето на работниците и работните спорови, и врз основа на член 192 од Деловникот на Организационо-политичкиот собор ги донесе следните

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Се усвојува материјалот Некои општествени и правни појави и проблеми во врска со споровите од работните односи и Информацијата за согледаните појави и проблеми во претставките и поплаките во врска со примањето и отпуштањето на работниците и работните спорови, заедно со искажаните мислења и дадени сугестии во претресот пред Соборот.

2. Соборот констатира дека Врховниот суд на Македонија, остварувајќи ја функцијата на следење на општествено-негативните појави, правилно ја насочил својата активност и кон оваа област од неговите уставни обврски.

3. Од материјалот и дискусијата се констатира дека работните спорови во последните неколку години се во знатен пораст.

Материјалот исто така, укажува на појави и проблеми што по форма се правни, а по содржина општествени, како што се: отпуштање на голем број работници, субјективизам и нехуман однос при престанокот на работата и слично.

Посебно се согледани негативни појави во врска со работните спорови по спроведените конкурси, како, на пример: конкурсните услови се прилагодуваат на квалификациите на однапред предвиденото лице кое треба да се прими на работа, работните организации се откажуваат од веќе спроведените конкурси поради тоа што планот за конкретното лице кое треба да се прими на работа, не им се остварил; честопати во конкурсните услови се предвидува од висока до основна школска спрема, при што на работа се примаат лица со основно образование и слично.

Општинските собранија и општествено-политичките организации треба да ги разгледуваат овие проблеми, да укажуваат на работните организации на овие општествени појави, со тоа што ќе дејствуваат во правец на отстранување причините за нивната појава.

4. Самоуправните акти на работните организации, со кои се регулираат прашањата на работните односи се непотполни, непрецизни и понекогаш се причина за материјални штети на работните организации, од една страна, и повреда на правата на работните луѓе, од друга страна.

Во врска со ова, потребно е општинските собранија, општествените организации и стручните здруженија да укажуваат поголема помош во изработката на општите акти на работните организации, со кои се регулираат прашањата од работните односи.

Соборот, од своја страна, како посебен проблем да го постави, на една од идните седници, проблемот на состојбата и дадените решенија во самоуправните акти на работните организации што ги регулираат работните односи.

5. Неизвршувањето на правосилните судски одлуки од работните спорови е раширена појава. Се забележува свесно неизвршување на судските одлуки од страна на надлежните органи на работните организации, што доведува до неостварување правата утврдени со судската одлука и воспоставување на законитоста. Потребно е ангажирање на јавните обвинителства на овој план во оние случаи каде постојат можности за кривична одговорност.

6. При претресот на материјалот, Соборот констатира дека појавите и проблемите од работните спорови носат одреден општествено-политички белег, поради што е потребно ангажирање на јавноста преку средствата за јавни комуникации и ангажирање на организирани политички сили во решавањето на овие проблеми.

7. Во работењето на судовите во решавањето на работните спорови се забележува: неекспедитивност и неизедначеност на правните ставови во решавањето на односите и извршувањето на судските одлуки.

Затоа, Врховниот суд, преку погодни форми на работа, својата активност треба да ја насочи кон решавање на овие отворени проблеми.

Општинските судови, исто така, треба да преземат соодветни мерки за согледување појавите и проблемите што се појавуваат во нивната практика во работните спорови и на општинските собранија да им презентираат соодветен материјал со предлози за спречување појавите на голем број работни спорови и за зацврстување на законитоста.

ОРГАНИЗАЦИОНО-ПОЛИТИЧКИ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 2339
24 септември 1968 година
Скопје

Претседател
на Организационо-политичкиот собор,
**Филип Брајковски**, с. р.

**267.**

Врз основа на член 102 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со дополнителниот избор на пратеник во Републичкиот собор на Собранието во изборната единица ИДАДИЈА V, распишани со Решение бр. 2242 од 16-VIII-1968 година на Потпретседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

## ОБЈАВУВА

дека на 1. октомври 1968 година во Собранието на општината ИДАДИЈА — СКОПЈЕ, за изборот што ќе се изврши на 13 октомври 1968 година од страна на избирачите, избран е кандидатот ЈЕГЕНИ БЕСНИК, од Скопје, ул. „758" бр. 16 за кандидат за пратеник во Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во изборната единица ИДАДИЈА V.

Бр. 52
1. октомври 1968 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
**Никола Алексовски**, с. р.

Претседател,
**Киро Никовски**, с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 14.XII.1967 година, страна 156, реден број 3 е запишано проширувањето на дејноста на Производната занаетчиска шивачка задруга „Пролетер" од Кочани и со трговија на мало со: текстил, куса и плетена стока, спортски прибор и крзнени стоки.

Проширувањето на дејноста е запишано во регистарот врз основа одлуката бр. 250 од 13.XI.1967 година во работничкиот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 418/67. (120)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25.XII.1967 година, страна 438, реден број 2, е запишано проширувањето на дејноста на Деловницата во Струмица на Новинско-издавачкото и печатарско претпријатие „Нова Македонија" — Скопје, уште и со: продажба на таксени вредносници, таксени и судски марки, како и продажба на разна кинкалериска стока.

Проширувањето на дејноста на Деловницата е запишано во регистарот на основа поднесената пријава од „Нова Македонија" — Скопје бр. 04-4608/1 од 20.XII.1967 година и решението на Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1071 од 13.XI.1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 457/67. (133)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 512, страна 1103, книга II, е запишано под фирма: Претпријатие за одржување, реконструкција и изградба на јавни патишта — Кавадарци, ул. „ЈНА". Предмет на работењето на претпријатието е: одржување, реконструкција и изградба на јавни патишта.

Претпријатието е основано од Собранието на општината Кавадарци, со решение бр. 01—7158 од 13.X.1967 година.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Ристо Миланов Колев, директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1038 од 16. XI 1967 година. (189)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 797, страна 585, книга IV, е запишано следното: Дејноста на Железничкото транспортно претпријатие — Скопје, согласно одлуката на работничкиот совет од одржаното заседание на 26.XII.1966 година, одлуката за давање согласност на статутот од 22.IV.1967 година на Собранието на СРМ се проширува и со туристички и шпедитерски услуги во врска со основната дејност.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1141 од 21.XI. 1967 година (250)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 341, страна 1083, книга I, е запишано следното: Досегашниот директор на Производното претпријатие за керамиди и тули „Сутјеска", село Чашка, Петре Васков Пановски, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување. За директор на споменатото претпријатие е назначен Андоновски Велјан. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Ристовски Јованов Воислав, благајник, сметано од 17.VII.1967 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 743 од 26.IX.1967 година. (265)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 838, страна 1029, книга III, е запишана под фирма: Претпријатие за уметничка изработка на накити од племените метали „Рубин" од Скопје — Продавница број 4 во Гостивар. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало и големо на сите видови накити и украсни предмети од злато и други племенити и неплеменити метали и неметали (стакло, порцелан, часовници, сувенири и други предмети од својата бранша).

Продавницата е основана од работничкиот совет на Претпријатието „Рубин" — Скопје, со одлука бр. 375 од 19.XII.1967 година.

Раководител на продавницата е Шароска Лилјана.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1272 од 12.XII.1967 година. (282)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1087, страна 445, книга V, е запишана под фирма: „Унион" — трговско претпријатие на големо и мало со посредување — Скопје — Продавница во Куманово, ул. „Ленинова" бр. 8. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на индустриски стоки од сите домени.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Унион" — трговско претпријатие на големо и мало со посредување — Скопје.

Раководител на продавницата е Митевска Сунчица.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1295 од 29.XII.1967 година. (286)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 80, страна 205, е запишано следното: Досегашниот в.д. директор на Претпријатието за рударски истраги, дубинско бушење и каменолом „Алшар" — Кавадарци, Борис Мирков Ребула, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на претпријатието е назначен Данчо Методиев Боев. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Ставров Трајче, книговодител, и новоназначениот потписник Борис Мирков Ребула, технички директор.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1137 од 28.XI.1967 година. (293)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1087, страна 445, книга V, е запишана под фирма: „Унион" — трговско претпријатие на големо и мало со посредување — Скопје — Продавница во Скопје, ул. „Стив Наумов" бр. 119. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на индустриски стоки од сите домени.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Унион" — трговско претпријатие на големо и мало со посредување. — Скопје, со одлука од одржаниот состанок на 14.XI.1967 година.

Раководител на продавницата е Мусли Хусеини,

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1296 од 29.XII.1967 година. (300)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 992, страна 503, книга V, е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало „Македонија—промет“ — Скопје — Продавница во Скопје, ул. „108“ бр. 1. Предмет на работењето на продавницата е продажба на разновидна стока (универзална продавница).

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо и мало „Македонија промет“ — Скопје, со одлука од 22.IX. 1967 година.

Раководител на продавницата е Биковски Душан.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1136 од 22.XI.1967 година. (303)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 14.XII.1967 година, рег. бр. 34/67, книга I, е запишана под фирма: Заштитна работилница за стаклорезачки и стаклобрусачки услуги „Трудов инвалид“ во Битола на Општинското здружение на трудови инвалиди во Битола. Предмет на работењето на работилницата е вршење услуги од стаклорезачката дејност и брусење на стакло.

Работилницата е основана од Општинското здружение на трудови инвалиди во Битола, со одлука бр. 155 од 12.XII.1967 година на управниот одбор и потврдата бр. 03—8427/1 од 23.XI.1967 година од Одделението за стопанство и план на Собранието на општината Битола.

Раководител на работилницата е Ристо Ристевски.

Работилницата ќе ја потпишуваат Дончевски Тасе и Јаковлевски Видое.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 392/67. (339)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 15.XII.1967 година, рег. бр. 1/65, книга I, е запишана под фирма: Продавница на железарски и градежни стоки „Универзал“ во Битола, ул. „Жикица Јовановиќ—Шпанац“ бр. 20, на Трговското претпријатие „Разнопромет“ — од Битола. Предмет на работењето на продавницата е промет со: железарска и метална стока, електротехнички материјали, бои, лакови, хемикалии и прибор и градежен материјал.

Раководител на продавницата е Ташко Велјановски.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола, со одлука бр. 707 од 21. IX. 1967 година од работничкиот совет и решението бр. 03—7493/1 од 31.X.1967 година од Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 357/67. (340)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28.XI.1967 година, рег. бр. 1/65, книга I, е запишана под фирма: Продавница за прехранбени стоки „Горно Оризари“ — с. Горно Оризари на Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на прехранбени и колонијални стоки.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола, со одлука бр. 199 од 14.III.1966 година од работничкиот совет.

Раководител на продавницата е Димитрија Кузмановски.

Продавницата ќе ја потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 369/67. (341)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 19.XII.1967 година, рег. бр. 14/63, книга I, е запишана под фирма: Деловна единица за стопанисување со станбените згради на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ во Битола. Предмет на работењето на Деловната единица е стопанисување со станбените згради на Комбинатот.

Деловната единица е основана од Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“, со одлука бр. 727/7 од 12.V.1967 година од работничкиот совет и потврдата бр. 03—4824/1 од 20.VI.1967 година од Одделението за стопанство и планирање на Собранието на општината Битола.

Раководител на Деловната единица е Лазар Лазаревски.

Деловницата ќе ја потпишува лицето што е овластено да го потпишува Комбинатот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 337/67. (344)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25.XII.1967 година, рег. бр. 36/67, книга I, е запишана под фирма: Продавница во Прилеп, ул. „Борка Талески“ бр. 36 на Фабриката за чевли „Фрушка Гора“ од Рума. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови чевли.

Продавницата е основана од Фабриката за чевли „Фрушка Гора“ од Рума, со одлука од работничкиот совет од 20.X.1967 година и уверението бр. 07—63/484/1 од 6.XII.1967 година од Одделението за надзор и контрола на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува, Наумовски Дане, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 408/67. (347)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28.IX.1967 година, страна 250, реден број 8, е запишано ставањето под присилна управа на Фабриката за целулоза и хартија од Кочани.

Присилниот одбор го сочинуваат: Михајло Арсов, претседател, Ванчо Јорданов и Драги Георгиев, членови.

Ставањето под присилна управа на Фабриката и извршено во регистарот врз основа решението бр. 01—4465/1 од 10.VII.1967 година на Собранието на општината Кочани

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 234/67. (26)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30.X.1967 година, страна 268, реден бр. 3, е запишано анулирањето на решението Фи бр. 255 од 9.VIII. 1967 година, со кое се запишува престанокот на Погонот за узгој, експлоатација и заштита на шумите „Плачковица“ од Виница.

Погонот „Плачковица“ од Виница и натаму продолжува да функционира со истите свои дејности, но во состав на Шумско-индустрискиот комбинат „Борис Кидрич“ од Кочани, така што наместо досегашниот в.д. директор Драган Јорданов Миланов, жиро-сметката на Погонот ќе ја потпишува Одборот за присилна управа Кушев Мирослав и Тодосија Паунов, чии потписи ќе важат поединечно.

Со ставањето на Комбинатот „Борис Кидрич“ од Кочани под присилна управа, оваа се протега и на Погонот „Плачковица“ од Виница.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 01—114 од 27.X.1967 година на присилниот одбор.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 379/67. (29)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20.XI.1967 година, страна 404, реден број 19, е запишана под фирма: Сервисна работилница, со седиште во Струмица, ул. „Борис Кидрич“ бр. 12.

Сервисната работилница ќе ги врши следните дејности: продажба на делови за радио-апарати и ТВ приемници, како и вршење на поправки на радио-апарати, ТВ приемници и електро-уреди.

Сервисната работилница е основана од Трговското претпријатие на големо и мало „Гранап“ од Струмица.

Раководител на работилницата е Киро Бошнаков, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавува директорот на претпријатието.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 02—2028/1 од 25.VIII.1967 година на работничкиот совет на претпријатието и уверението бр. 07—6774/1 од 4.X.1967 година на санитарниот инспектор на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 294/67. (33)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 3.XI.1967 година, страна 128, реден број 4, е запишана под фирма: Мешана колонијална продавница, со седиште во село Банско, Струмичко. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на колонијални стоки и други видови прехранбени артикли, алкохолни пијалоци на големо и мало, парфимерија и ситна галантерија.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Извор“ од с. Свидовица, Струмичко.

Раководител на продавницата е Георги Илиев, кој не е овластен да ја потпишува. Продавницата ќе ја потпишува директорот на задругата.

Впишувањето и извршено во регистарот врз основа одлуката на задружниот совет на задругата од 21.X.1967 година и решението бр. 07—5936/1 од 2.XI.1967 година на санитарниот испектор на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 391/67. (35)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 31.X.1967 година, страна 438, реден број 1, е запишана под фирма: Деловница, со седиште во Струмица. Деловницата ќе врши:

— растурање и продажба на сите изданија на НИП „Нова Македонија“ и изданијата на другите новински куќи во земјата;

— продажба на книжарски и канцелариски материјал;

— продажба на разгледници и честитки;

— продажба на тутунски производи и кибрит;

— продажба на лозови од Југословенската лотарија и друго.

Деловницата е основана од Новинско-издавачкото и печатарско претпријатие „Нова Македонија“ од Скопје.

Раководител на Деловницата е Миле Тупарев, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 01—3486/2 од 3.X.1967 година на работничкиот совет на претпријатието и уверението бр. 07—4959/1 од 15.VIII.1967 година на санитарниот инспектор на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 365/67. (46)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8.XI.1967 година, рег. бр. 11/56, книга II е запишана под фирма: Продавница во Битола, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 1, на Земјоделскиот комбинат „Црна Река“, с. Тополчани. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на млеко и млечни производи, колонијални производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци во оригинално затворени садови, производи врз база на шеќер и какао, тестени производи и производи од месо и риба во оригинална опаковка.

Раководител на продавницата е Мишиќ Петар.

Продавницата е основана од Земјоделскиот комбинат „Црна Река“ — с. Тополчани, со одлука бр. 09—1639/1 од 1.VII.1967 година од работничкиот совет и решението бр. 03—7187/1 од 28.IX.1967 година од Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува, лицето што е овластено да го потпишува погонот-трговија.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 333/67. (64)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 11.XI.1967 година, рег. бр. 32/66, книга I, е запишана под фирма: Продавница број 1 во Прилеп, ул. „29 ноември“ бр. 16 на Трговското претпријатие „Отпад-промет“ од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на фелерични стоки.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Отпад-промет“ од Прилеп, со одлука бр. 17/2 од 17.X.1967 година од работната заедница и уверението бр. 07—63/437 од 9.XI.1967 година од Одделението за надзор и контрола на Собранието на општината Прилеп.

Раководител на продавницата е Митре Стојановски.

Продавницата ќе ја потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 354/67. (68)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 11.XI.1967 година, рег. бр. 32/66, книга I, е запишано под фирма: Стовариште во Прилеп, ул. „Моша Пијаде“ на Трговското претпријатие „Отпад-промет“ од Прилеп. Предмет на работењето на стовариштето е набавка и продажба на отпадни материјали.

Стовариштето е основано од Трговското претпријатие „Отпад-промет“ од Прилеп, согласно одлуката бр. 17/3 од 17.X.1967 година од работничкиот совет и уверението бр. 07—63/436 од 9.XI.1967 година од Одделението за надзор и контрола на Собранието на општината Прилеп.

Раководител на стовариштето е Спасе Глигороски.

Стовариштето ќе го потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 355/67. (69)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28.XI.1967 година, рег. бр. 4/58, книга II, е запишана под фирма: Продавница во село Заполжани, Прилепско, на Земјоделската задруга „Братство“, с. Лажани. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијални, прехранбени и индустриски стоки.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Братство“, село Лажани, со одлука бр. 581 од 13.XI.1967 година од задружниот совет и уверението бр. 07—63/45—1 од 15.XI.1967 година од Одделението за надзор и контрола на Собранието на општина Прилеп.

Раководител на продавницата е Васил Тркалески.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 365/67. (74)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8.XI.1967 година, рег. бр. 11/55, книга IV, е запишана под фирма: Продавница во Ресен, ул. „Јосиф Јосифовски", на Трговското претпријатие „Преспанско Езеро" од Ресен. Предмет на работењето на продавницата е промет со индустриски стоки.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Преспанско Езеро" од Ресен, со одлука бр. 606 од 24.X.1967 година на работничкиот совет и решението бр. 04—6470/1 од 23.X.1967 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Ресен.

Раководител на продавницата е Јовковски Киро.

